# ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ И ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА УПИС НА ПРВАЧЕ

Согласно член 60 (став 2) од Законот за основно образование (Сл.весник бр.161/ 5.08.2019)

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УПИС НА ПРВАЧЕ ВО УЧЕБНАТА 2022/23 СЕ:

- **КОПИЈА ОД ИЗВОД ОД МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ**
- **ПОТВРДА ЗА ПРИМЕНИ ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ВАКЦИНИ ОД НАДЛЕЖНА ЗДРАВСТВЕНА ИНСТИТУЦИЈА**
- **ПОТВРДА ОД СТОМАТОЛОГ - САМО ОД ПОЛИКЛИНИКА БУКУРЕШТ**
- **ПОТВРДА ОД НАДЛЕЖНА ЗДРАВСТВЕНА ИНСТИТУЦИЈА ЗА ОФТАМОЛОШКИ ПРЕГЛЕД**
- **КОПИЈА ОД ЛИЧНА КАРТА ОД РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ ИЛИ ДОКУМЕНТ ЗА ЗАКУП ИЛИ ДОКАЗ ЗА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ КАКО ПОТВРДА ЗА МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ НА РЕОНОТ НА УЧИЛИШТЕТО (согласно доленаведената Одлука)**

## ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА УПИС НА ПРВАЧЕ ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ:

Согласно законската регулатива РОДИТЕЛОТ/СТАРАТЕЛОТ Е ДОЛЖЕН ДА ГО ЗАПИШЕ ДЕТЕТО ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОКОЛКУ ДО КРАЈОТ НА КАЛЕНДАРСКАТА ГОДИНА НАПОЛНИ ШЕСТ ГОДИНИ. ДЕТЕТО МОЖЕ ДА БИДЕ ЗАПИШАНО ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ И ДОКОЛКУ НАПОЛНИ ШЕСТ ГОДИНИ ДО 31 ЈАНУАРИ 2022, ПО ПРЕТХОДНО БАРАЊЕ НА РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ И СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ ОД ПЕДАГОГОТ ИЛИ ПСИХОЛОГОТ ОД УЧИЛИШТЕТО.

## РЕОНИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШТАТА СОГЛАСНО ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ:

**ВАЖНО: СОГЛАСНО ЧЛЕН 2 ОД ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕОНИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ОПШТИНА КАРПОШ донесена на осмата седница на СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ одржана на 20.04.2022 при уписот на првачињата родителот/старателот е должен да достави:**

- **ДОКУМЕНТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА ПОСТАР ОД 18 МЕСЕЦИ ОД ДЕНОТ НА ИЗДАВАЊЕТО НА ЛИЧНИОТ ДОКУМЕНТ ДО ДЕНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕТОНА ДЕТЕТО СО АДРЕСА НА ЖИВЕЕЊЕ ОД РЕОНОТ НА УЧИЛИШТЕТО, ИЛИ**

- **ДОКОЛКУ ДОКУМЕНТОТ Е ПОНОВ ОД 18 МЕСЕЦИ, РОДИТЕЛОТ/СТАРАТЕЛОТ ТРЕБА ДА ДОСТАВИ ДОКАЗ ЗА СОПСТВЕНОСТ (ИМОТЕН ЛИСТ ЗА НЕДВИЖНОСТА ИЛИ ПИСМЕН ДОКАЗ (УПЛАТНИЦА) ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ- НЕДВИЖЕН ИМОТ (СТАН-КУЌА), ДЕКА ПОСТАПКАТА НА КУПУВАЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ Е ВО ТЕК, ИЛИ**

- **ДОКОЛКУ РОДИТЕЛОТ/СТАРАТЕЛОТ НЕМА НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ СО АДРЕСА НА ЖИВЕЕЊЕ ОД РЕОНОТ КАДЕ ШТО ПРИПАЃА УЧИЛИШТЕТО,А ЖИВЕЕ ВО РЕОНОТ ВО ЗАКУПЕНА НЕДВИЖНОСТ ПОТРЕБНО Е ДА ДОСТАВИ ДОГОВОР ЗА ЗАКУП ВО ФОРМА НА ИСПРАВА ВРЗ ОСНОВА НА КОЈА Е РЕГУЛИРАНА ДАНОЧНАТА ОБВРСКА ЗА ПЛАЌАЊЕ ДАНОК,ОДНОСНО ДОКАЗ ДЕКА ДОГОВОРОТ ЗА ЗАКУП Е УРЕДНО ПРИЈАВЕН ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ И ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА ПОСЕДУВА ЛИЧЕН ДОКУМЕНТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА СО ПРЕБИВАЛИШТЕ (ОДНОСНО АДРЕСА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ) ОД РЕОНОТ НА УЧИЛИШТЕТО.**

- Согласно член 63 (став 5) според кој Основачот го утврдува реонот на основните училишта за запишување на учениците, на ООУ ,,Лазо Трповски" **Реонот на општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ", ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 3", што се простира на исток до булевар „8ми Септември", на север до реката „Вардар", на југ до булевар „Партизански одреди" и на запад до улица „Љубљанска". Учениците од I (прво) до IX (деветo) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ"**
- НА ОВОЈ РЕОН припаѓаат следниве улици:

- **Бул. „Илинден" бр. 138, 136, 137, 186 и 187,**
- **ул. „Никола Русински"**
- **Бул. „ Партизански одреди" бр. 62, 64А, 64Б, 66А, 66Б, 102, 106, 72**
- **ул. „Карпошово востание"**
- **ул. „ТрифунПановски"**
- **ул. „Роберт Кох"**
- **ул. „Драгиша Мишовиќ"**
- **ул. „Радика"**
- **ул. „Огражден"**
- **ул. „Струма"**
- **ул. „Пелистерска"**
- **ул. „Манапо"**
- **ул. „Љубљанска"**
- **ул. „Бледски договор"**
- **Бул. „8-ми Септември"**

- СОГЛАСНО ЧЛЕН 14 ОД ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ – ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ МОЖЕ ДА ЗАПИШЕ УЧЕНИЦИ ОД ДРУГ РЕОН ИЛИ ДРУГА ОПШТИНА ДОКОЛКУ ИМА СЛОБОДНИ МЕСТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ